ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА

# ЗА ТРАНСФЕР НА ДЕЦАТА РОМИ

ОД СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО РЕДОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИТЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА ЗА ТРАНСФЕР НА ДЕЦАТА РОМИ ОД СПЕЦИЈАЛНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО РЕДОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Издавач:
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседател проф. д-р Гордан Калајџиев

Уредник:
Уранија Пировска,
извршна директорка на Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

Автор:
Д-р Катерина Шапкова Коцевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот ,,Поддршка од граѓанското општество кон политиките за социјална кохезија и различностите" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Владата на Обединетото Кралство.

# СОДРЖИНА


Апстракт 6
Вовед 6
Анализа на проблемот 7
Методолошка рамка 10

Анализа на политиката на трансфер на учениците Роми од специјалните основни училишта во редовното образование во Република Македонија 12

Заклучок 22
Користена литература 23

# Апстракт

Користењето на анализата на трошоците и придобивките е особено значајно за креаторите на образовните политики со цел прецизна идентификација на последиците од образовното планирање. Целта на оваа студија е преку користење на оваа методолошка алатка да го испита проблемот поврзан со дискриминацијата на учениците од Ромска припадност, кои иако немаат посебни образовни потреби, сепак се сместени во специјални училишта. Традиционално, на овој проблем досега му се приоѓаше од легалистичка перспектива*, конкретно повикувајќи се на начелата на* човековите права и анти-дискриминациското право. Новината содржана во оваа анализа се состои во тоа што се истражуваат финансиските реперкусии од образовната политика која вклучува трансфер на учениците Роми од специјалните училишта во редовното основно образование во Македонија.

# Вовед

Изборот на несоодветно училиште може да влијае врз целиот тек на животот на детето. Учениците кои имаат помали можности да продолжат и да завршат средно училиште, како и оние кои не стекнуваат работни вештини, имаат помали шанси за успех во животот. Истовремено, овие индивидуи остваруваат и пониска заработувачка во иднина, потешко се адаптираат на пазарот на труд и се соочуваат со повисок ризик од невработеност. Овие лица се покажува дека се поинертни и во општествениот живот и се повлекуваат од активно учество во демократските процеси во модерните општества.

Погрешниот избор на училиште, освен врз децата и нивните семејства, наметнува и високи трошоци за општеството во целина. Помалку образованите лица ги ограничуваат можностите на економијата да создава, расте и да иновира. Друг општествен аспект кој е погоден од ваквиот феномен е уништувањето на општествената кохезија и ограничувањето на социјалната и доходната мобилност. Понатаму, овие земји се соочуваат и со дополнителни буџетски расходи за санирање на последиците – поголеми издатоци за јавното здравство, социјалната заштита и спречување на криминалот.

Поради овие причини, подобрувањето на еднаквоста во образованието е од голема важност за модерните општества. Како посебни мерки насочени кон реформа на политиките за поддршка на училиштата кои работат со деца со попреченост ги издвојуваме: (1) Зајакнување и поддршка на училишното раководство, (2) Стимулирање на училишна клима и окружување кои го поддржуваат учењето, (3) Регрутирање, развивање, поддршка и задржување на високо квалитетните наставници, (4) Обезбедување ефективни стратегии за учење и (5) Приоретизирање на поврзувањето на училиштата со родителите и заедниците (OECD, 2011).

Образованието преставува област за која постои согласност дека создава економски придобивки, како за индивидуата, така и за општеството во целина. Истовремено, овој облик на инвестиција во човечки капитал е поврзан и со определено ниво на трошоци кои се неопходни да бидат преземени со цел да се направи инвестицијата. Анализата на трошоците и користите претставува специфична методолошка алатка која има за цел да ги определи и квантифицира директните и индиректните трошоци од инвестирањето во човечки капитал и да ги спореди со збирот од индиректните и директните придобивки од инвестицијата. Економската логика во оваа ситуација гласи дека инвестицијата е оправдана се додека вкупните придобивки ги надминуваат вкупните трошоци поврзани со политиката.

Користењето на анализата на трошоците и придобивките е особено значајно за креаторите на образовната политика во различни земји со цел прецизно утврдување на ефектите поврзани со образовното планирање. Целта на оваа студија е подетално да му пристапи и да го актуелизира проблемот со дискриминацијата на учениците од Ромска етничка припадност, кои иако немаат посебни образовни потреби, сепак посетуваат настава во специјални училишта. Традиционално, на овој проблем досега му се приоѓаше од легалистичка перспектива низ призмата на почитувањето на човековите права, односно почитувањето на анти-дискриминациските начела во модерните општества. Оваа анализа има за цел да ги испита финансиските реперкусии доколку се изврши трансфер на учениците Роми од специјалните училишта во редовното основно образование во Македонија.

# Анализа на проблемот

Една скорешна студија (Oecd, 2011)ethnic origin or family background, are not obstacles to achieving educational potential (fairness која се однесува на еднаквоста и квалитетот во образованието, го идентификува проблемот на нееднаквоста во образованието и неуспехот на образовните системи во земјите од OECD. Така, како еден од главните предизвици во оваа група на земји кои доведуваат до занемарување на принципот на еднаквост во образованието се издвојува и проблемот дека некои групи на ученици се изложени на повисок ризик за полоши перформанси во однос на други. Како пример се наведува неповолната позиција на учениците Роми кои често пати се предмет на образовна дискриминација, и кои поради тоа се соочуваат со релативно високи стапки на испишување од образовните институции (англ. „dropout rates”) и трансферирање на овие ученици надвор од редовниот образовен систем , што пак доведува до дополнителна сегрегација и разлики во образовните постигнувања (Oecd, 2011)ethnic origin or family background, are not obstacles to achieving educational potential (fairness.

Понатаму, во друг извор (Cahn, Chirico, & Mcdonald, 2017) се посочени фрапантни податоци за образовниот третман на децата Роми во Централна и Источна Европа. Според авторите на студијата, заедничко за образовните системи на земјите од овој регион е тоа што Ромите се насочуваат кон училишта кои нудат „супстандардно образование“, во смисла на тоа дека уште во раните години на училишниот развој децата Роми се запишуваат во „специјални училишта“, односно училишта наменети за деца со посебни образовни потреби. Состојбата е посебно алармантна доколку се погледнат податоците за одделни земји.

Така, според авторите на оваа студија, во Чешката Република децата Роми имаат петнаесет пати поголема веројатност да бидат сместени во специјални училишта, наспроти децата кои не се Роми. Проблемот се нагласува, бидејќи во оваа земја постои механизам на „дијагностички престој“ во траење во најмногу 6 (шест) месеци и при кој децата од редовните училишта се трансферирани во специјални училишта за да се утврдат нивните посебни образовни потреби. Меѓутоа, овој механизам честопати се злоупотребува, па така од привремен престој во случајот на Ромските деца речиси редовно се претвора во перманентен престој и децата речиси никогаш не се враќаат назад во редовните училишта. Една од главните причини за овој феномен во Чешката Република се должи на тоа што училиштата можат да аплицираат за дополнителни фондови кои се наменети за учениците со попреченост. Одредени проценки покажуваат дека меѓу 40% и 70% од децата Роми во Чешката Република посетуваат основно училиште надвор од редовното образование, односно во училишта или паралелки со редуциран курикулум (Starkova, Simonova & Polechova, 2011).

Како потврда за дискриминацијата и нееднаквиот третман на децата Роми во образовниот систем во Чешката Република говори и пресудата од Европскиот Суд за Човекови права (скратено: ЕСЧП) во предметот Д.Х. и други против Чешката Република (D.H. and Others v the Czech Republic, Grand Chamber judgment of 13 November 2007). Предметот е изложен пред ЕСЧП од страна на 18 ученици Роми од регионот Острава во Чешка. Апликантите во периодот од 1996 до 1998 биле распоредени во специјални училишта за деца со посебни образовни потреби, каде истите чувствуваат дека се стекнале со инфериорно образование во однос на нивните врсници од редовните училишта. Во 2006 година, судот носи пресуда во корист на поднесителите и одлучува дека истите биле објект на дискриминација поради тоа што било нарушено нивното право на образование. Оваа пресуда е од особена важност за справување со дискриминацијата во основното образование, посебно заради тоа што судот утврдува неколку значајни принципи: (1) шеми на дискриминација:

ова е прв пат ЕСЧП да констатира повреда на Конвенцијата[1] во однос на постоење шеми на расна дискриминација во одредена сфера на општествениот живот; (2) Сегрегацијата е облик на дискриминација: Судот појаснува дека расната сегрегација е дискриминација во однос на член 14 од Конвенцијата; (3) Еднаквиот пристап до образование на Ромите е постојан проблем во Европа – Судот нотира дека Чешката Република не е единствен случај каде постојат системски дискриминирачки бариери во поглед на пристапот до примарно образование кај одредени расни и етнички групи; и (4) Постои потреба од унифицирани анти – дискриминаторски принципи за Европа (European Roma Rights Centre, 2015).

Практиките кои се нотирани од страна на ЕСЧП се присутни и во други европски земји. Така на пример, најголем дел од групата педагози од Чешка и Унгарија, кои биле интервјуирани за потребите на научната студија за состојбата со основното образование на децата Роми, одговориле дека  се согласуваат со ставот дека сместувањето на деца Роми во специјализирани училиште не се должи на нивните ментални капацитети, туку е резултат на расна дискриминација (Cahn et al., 2017). Во Унгарија, пак, е забележано дека постои силен финансиски мотив на родителите на децата Роми да учат во специјализирани училишта.

Ситуацијата во овие земји дополнително се влошува бидејќи во времето кога е подготвувана и објавена студијата, со законски решенија не се дозволува на децата кои посетувале специјални училишта да го продолжат своето образование во редовни средни училишта. На овој начин дополнително се скратуваат шансите за интеграција на учениците Роми во системот на редовното образование и системски се кратат нивните шанси за професионална едукација и усовршување (Cahn et al., 2017).

Релевантни информации за состојбата на децата Роми во однос на пристапот до образование во Република Македонија, можат да добијат од посебниот извештај на Народниот правобранител на РМ од февруари 2010 година како резултат од посетата на посебните основни училишта „Златан Сремац“ и „Иднина“ од Скопје, „Св. Климент Охридски“ од Ново Село и Државното средно училиште „Св. Наум Охридски“ од Скопје и „Искра“ од Штип. Народниот правобранител во овој извештај презентира неколку поразителни констатации по однос на посетата на специјалните училишта од страна на деца од ромската етничка заедница. Имено,  во извештајот е наведено дека во посебните основни училишта, како и во средното училиште „Св. Наум Охридски“ во Скопје голем е бројот на деца од ромската етничка заедница. Така, во ПОУ „Д-р Златан Сремац“ вкупно се запишани  165 ученици од кои  86 се од ромската заедница (повеќе од 50 проценти). Дополнително, во извештајот е издвоено дека многу мал број деца од ромската заедница, најчесто од женски пол, до крај го завршуваат основното образование и дека најчесто се отпишуваат по завршување на четвртото одделение. Понатаму, во ПОУ„Илинден“ - Скопје вкупниот број на ученици изнесува 253, од кои 93 се Роми.  Притоа, при увидот на досиејата на учениците од ова училиште, Народниот правобранител заклучил дека уписот се врши врз основа на претходно издаден наод и мислење на надлежна комисија или друга здравствена установа, а еден мал број од децата се упатени со наод од центрите за социјална работа. Во одредени случаи, запишувањето на овие деца во посебно училиште е по барање на нивните родители. Праксата во оваа ситуација покажува дека овие деца извесен период се ставаат под опсервација, по што наставничкиот совет во училиштето изготвува стручно мислење за детето врз основа на состојбата која се следела и се доставува барање до Заводот за ментално здравје заради категоризација на детето. Во ПОУ„Св. Климент Охридски“ во Ново Село е запишан само еден ученик од ромската етничка припадност (Информација за посетата на посебните основни училишта „Златан Сремац“ и „Иднина“ од Скопје, „Св. Климент Охридски“ од Ново Село и Државното средно училиште „Св. Наум Охридски“ од Скопје и „Искра“ од Штип, 2010).

1 Европската конвенција за заштита на човековите права.

Понова информација за бројноста на деца Роми запишани во специјалните училишта беше побарана од Министерството за труд и социјална политика. Во продолжение се податоците кои ги опишуваат состојбите во наставните 2014/2015 и 2017/2018 години.

Табела **1.** Број на запишани деца (вкупно и деца Роми) во специјалните училишта во наставните 2014/2015 и 2017/2018 година

| Вкупен број на запишани за 2014/2015 | | | Вкупен број на запишани за 2017/2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно запишани деца | Вкупно деца Роми запишани | | Вкупно запишани деца | Вкупно деца Роми запишани |
| 1.Златан Сремец Скопје | 107 | 19 | 1.Златан Сремец Скопје | 111 | 17 |
| 2.Маца Овчарова Велес | 51 | 9 | 2.Маца Овчарова Велес | 57 | 6 |
| 3. Иднина Скопје | 107 | 39 | 3. Иднина Скопје | 104 | 17 |
| 4. Партеније Зографски Скопје | 37 | 20 | 4. Партеније Зографски Скопје | 35 | 9 |
| 5. Завод за рехабилитација на деца и младинци, Скопје | 75 | 6 | 5. Завод за рехабилитација на деца и младинци, Скопје | 16 | 4 |
| 6. Св. Наум Охридски, Скопје | 145 | 61 | 6. Св. Наум Охридски, Скопје | 117 | 18 |
| 7. Искра, Штип | 85 | 32 | 7. Искра, Штип | 61 | 11 |
| 8.Димитар Влахов, Скопје | 50 | 6 | 8.Димитар Влахов, Скопје | 43 | 1 |
| 9. Завод за рехабилитација на деца и младинци, Кочо Рацин Битола | 71 | 23 | 9. Завод за рехабилитација на деца и младинци, Кочо Рацин Битола | 73 | 24 |
| ВКУПНО | 728 | 215 | ВКУПНО | 617 | 107 |
| % | / | 29.5% | % | / | 17.34% |

Извор: Министерството за труд и социјална политика на РМ

Од приказот може да се забележи дека постои релативно намалување на бројот на деца Роми кои ги посетуваат основните и средните специјални училишта во земјата. Така, во наставната 2017/2018 бројот на овие деца изнесува вкупно 107, наспроти 215 во 2014/2015 година. Сепак, учеството на децата од Ромска етничка припадност во вкупниот број на ученици во специјалните училишта, иако се намалува, сепак останува доста висок (17,34% од вкупниот број на запишани деца во училиштата со посебни образовни потреби биле Роми).

## Методолошка рамка

Анализата на трошоците и користите (скратено: АТК, англ. Cost - Benefit Analysis) претставува финансиска техника за испитување на општествената исплатливост на одреден инвестициски проект. Алатката се состои од идентификација и калкулација на сите директни и индиректни трошоци кои се поврзани со одреден инвестициски зафат и нивна споредба со очекуваните користи од инвестицијата. Во еден од најрелевантните извори за евалуација на образовните политики и проекти, оваа анализа е дефинирана како систематска споредба на магнитудата на трошоците и придобивките на дадена форма на инвестиција со цел да се оцени нејзината економска профитабилност (Woodhall, 2004, стр. 24).

Примената на АТК при евалуација на образовни проекти и политики не е новина (Mincer, 1974; Davarajan, Squire & Suthiwart-Naruept, 1994; Volfe & Zuvekas, 1997; Angist & Levy, 2002; Psacharopoulos & Patrinos, 2004; Perkins & Radelet, 2006). Главната причина поради која АТК наоѓа сопствена примена во областа на образовното планирање се должи на тоа што нуди можност за објективна валоризација и компарација на различните инвестициски проекти и измените во јавната политика во областа на образованието.

Околу можностите на оваа методолошка рамка, Хименез и Патринос (Jimenez & Patrinos, 2008) заклучуваат дека АТК претставува моќна потенцијална алатка за процена на ефектите од образовните политики и стимулираат нејзина примена преку пресметка на релевантните стапки на принос. Дополнително, авторите повикуваат на проширување на примената на АТК во насока на евалуација на ефектите од интервенциите и реформите во образовната политика, во смисла на утврдување кое знаење учениците стекнуваат во образовниот процес, наспроти испитување на ефектите од бројот на години поминати во училишните клупи.

Сепак, употребата на АТК при евалуација на трошоците и користите во проектите од областа на образованието и образовните политики е проследено со одредени методолошки предизвици. Како главни методолошки проблеми со кои се соочуваат истражувачите во оваа област може да се на наведат тешкотијата да се определат општествените, наспроти приватните трошоци поврзани со образовниот процес, комплексноста да се утврдат и измерат користите и трошоците од образованието од аспект на други димензии надвор од посетата на образовната институција во текот на учебната година, како и доделувањето на исходи на конкретни применети инструменти во образовната политика (Jimenez & Patrinos, 2008).

Затоа, не ретко АТК кај инвестициите во образованието се супституира со други методолошки помалку проблематични алатки. Алтернативна алатка на АТК за евалуација на ефектите од инвестициите во образованието е т.н. анализа на трошоци и ефективност (скратено: АТЕ, англ. cost – effectiveness analysis). Оваа анализа вклучува стандардна методологија за мерење на трошоците и утврдување на ефектите од истите. Најпрво, се врши идентификација на инпутите кои се потребни да се обезбеди определена интервенција. Вообичаени инпути кои се користат во образовниот процес вклучуваат наставен кадар, згради и опрема, материјали и др. Понатаму, се организираат категориите на инпути во определени категории (пр. човечки ресурси, згради, опрема, набавка на литература и др.). Постојат различни начини за прибирање и обработка на податоците кои се однесуваат на секој од инпутите: интервјуа, фокус групи или научни опсервации. Потоа, се врши определување на вредноста на трошоците за секоја одделна категорија на инпути. Во литературата постојат различни начини на проценка на овие трошоци. На пример, доколку инпутите во форма на добра или услуги се пазарно набавени, се зема нивната пазарна цена помножена со количеството. Во случајот на трошоците за работна

сила, вообичаено се калкулираат платите и придонесите на вработените, односно хонорарот на ангажираните лица во секоја соодветна алтернатива. Кај опремата, на пример, постојат техники за мерење на трошоците, како определување на износот на годишна депрецијација и трошоци за камата. Откако ќе се идентификуваат и пресметаат одделните категории на трошоци поврзани со набавката и користењето на инпути, истите се собираат и се добива годишниот износ на вкупен трошок.

По утврдувањето на збирот на вкупните годишни трошоци, истите се делат со бројот на ученици со цел да се добие просечниот износ на годишниот трошок. Просечниот трошок служи да се определи ефективноста од секоја одделна алтернатива. Во основа, трошокот по единица алтернатива, како уште и се нарекуваа овој индикатор, служи да се оцени ефективноста на алтернативата. Алтернативите со најголема ефективност во однос на трошокот се алтернативи кои добиваат највисок приоритет при креирањето на јавните политики.

Предноста на АТЕ пред АТК лежи во тоа што се надминува проблемот со идентификација и пресметка на паричните износи на користите, што истовремено претставува и главен методолошки проблем при евалуација на различните алтернативи и инвестициски проекти во образовниот сектор.

# Анализа на политиката на трансфер на учениците Роми од специјалните основни училишта во редовното образование во Република Македонија

Во ноември и декември 2015 година беше спроведена рекатегоризација на децата Роми во специјалните училишта во Република Македонија. Оваа постапка беше организирана и спроведена од страна на Министерството за труд и социјална политика, конкретно наменски формираната Комисијата и тимови за спроведување на рекатегоризацијата. Комисијата беше составена од лекари од Заводот за ментално здравје – Скопје, која претставува надлежна институција за вршење на категоризација и од други лекари номинирани од Министерство за здравство од профили согласно Правилникот за оценка на специфичните потреби на лицата со пречки во психички или физички развој (Сл.Весник на РМ 30/2000). Формирањето на Комисијата е со Решение донесено од страна на Министерот за труд и социјална политика. Тимовите за рекатегоризација беа обликувани по училишта, согласно дијагнозите на децата кои ги посетуваат специјалните училишта и вклучуваа задолжителен профил на лекари согласно правилникот за тие дијагнози. Исто така во тимовите беа вклучени и социјални работници и преведувачи на ромски јазик за децата Роми кои не зборуваат или не разбираат доволно македонски јазик. Рекатегоризацијата се однесуваше на децата Роми кои ги посетуваат следните специјални училишта во земјата (основни и средни): Средно Специјално Училиште / ЦОР "Партеније Зографски", Скопје, Средно и Основно Специјално Училиште / ДУРДМОВ " Димитар Влахов", Основно Специјално Училиште / ПОУ "Иднина", Средно Специјално Училиште / ЦСО "Св. Наум Охридски", Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје, Основно училиште / ПОУ Златан Сремец Скопје, Средно Училиште / ДСУОР Искра Штип, Основно училиште / ПОУ Маца Овчарова Велес и Завод за рехабилитација на деца со оштететен слух/ Кочо Рацин Битола. Рекатегоризацијата опфаќа 166 деца Роми запишани во горенаведените специјални училишта во учебната 2014/2015 година. Во продолжение се претставени добиените податоци по училиште.

Табела 2. Податоци од спроведена рекатегоризација на децата Роми во специјалните училишта во Република Македонија.

| | Средно и Основно Специјално Училиште / ДУР-ДМОВ “ Димитар Влахов” | Основно Специјално Училиште / ПОУ “Иднина” | Средно Специјално Училиште / ЦСО “Св.Наум Охридски” | Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје | Основно училиште / ПОУ Златан Сремец Скопје | Средно Училиште / ДСУОР Искра Штип | Основно училиште / ПОУ Маца Овчарова Велес | Завод за рехабилитација на деца со оштететен слух/ Кочо Рацин Битола | Средно Специјално Училиште / ЦОР “Партеније Зографски”, Скопје | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лесна попреченост во психичкиот развој | | 14 | 27 | 1 | 9 | 14 | 2 | 4 | | 71 |
| Лесна попреченост во психичкиот развој и друга дијагноза | | 11 | 2 | | 5 | 1 | 2 | | | 21 |
| Умерена психичка попреченост | | 1 | | 6 | | | | | | 7 |
| Умерена психичка попреченост и други дијагнози | | 7 | | | 3 | | | | | 10 |
| Тешка психичка попреченост | | 1 | | 2 | | | | | | 3 |
| Тешка психичка попреченост и други дијагнози | | | | 1 | | | | | | 1 |
| Граничен случај | | 1 | | | | | 1 | 2 | 1 | 5 |
| Граничен случај и други дијагнози | | | | | | | 1 | | 1 | 2 |
| Дијагноза за оштетен вид | 6 | | | | | | | | | 6 |
| Дијагноза за оштетен вид и други дијагнози | 2 | | | | | | | | | 2 |
| Дијагноза за оштетен слух | | | | | | | | 15 | 21 | 36 |
| Дијагноза за оштетен слух и други дијагнози | | | | | | | | | 1 | 1 |
| Здрави деца | | | | | | | | | | |

Извор: Министерство за труд и социјална политика на РМ.

Предмет на ова истражување е анализа на финансиските, економските и општествените ефекти од политиката која би вклучувала трансфер на децата Роми кои иако немаат образовна попреченост моментално посетуваат настава во специјални училишта во редовни основни училишта. Со цел да се идентификуваат резултатите од политиката беше искористена АТЕ, наместо АТП. Причината за овој избор се должи на тоа што постојат бројни методолошки и практични ограничувачки околности кои влијаат на прецизната идентификација на придобивките од политиката, во смисла на нивно монетарно прикажување.

Појдовна основа за анализата се добиените податоците за бројот на деца Роми ученици во специјалните училишта од извршената рекатегоризација од Комисијата и тимовите на Министерството за труд и социјална политика. Во отсуство на податоци за дополнително спроведени рекатегоризации, претпоставуваме дека бројот и структурата на деца Роми кои ги посетуваат специјалните училишта останува непроменет.

Друго ограничување од кое поаѓаме е дека во анализата нема да бидат вклучени сите училишта, туку само училиштата од доменот на основното образование. Ова ограничување практично значи дека во анализата се вклучени децата Роми кои ги посетуваат следните училишта:

1.Средно и Основно Специјално Училиште / ДУРДМОВ “ Димитар Влахов”,

2.Основно Специјално Училиште / ПОУ “Иднина”,

3.Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје,

4.Основно училиште / ПОУ Златан Сремец Скопје,

5.Основно училиште / ПОУ Маца Овчарова Велес,

6.Завод за рехабилитација на деца со оштететен слух/ Кочо Рацин Битола.

Анализата вклучува споредба на три алтернативни сценарија. Првото сценарио е сценарио при кое нема никаква промена во досегашната политика и практика. Ова сценарио е практично моменталното *status quo*.

Останатите две сценарија се „интегративни сценарија“, каде се претпоставува дека децата Роми кои следат настава во специјални училишта поради нивна дискриминација, од наредната учебна година се префрлат во редовниот образовен систем. Притоа, овде ќе разликуваме два случаи. Првиот случај се однесува доколку интеграцијата во редовниот образовен систем ги вклучува граничните случаи од рекатегоризацијата (вклучувајќи ја категоријата гранични случаи и други дијагнози). Второто сценарио, освен граничните случаи ги опфаќа и децата со лесна попреченост во психичкиот развој (вклучувајќи ги и децата категоризирани како деца со лесна попреченост во психичкот развој и други дијагнози).

Притоа, претпоставуваме дека процесот на интеграција не е механички, туку бара дополнителна финансиска поддршка за побрза интеграција во редовното основно образование. Ова пред се, означува постоење на специјализиран кадар, кој би помогнал во прифаќањето на децата кои се трансферираат во редовните училишта и би работел интензивно со нив за побрза интеграција.

Во отсуство на други дополнителни официјални информации околу бројот на децата Роми во наредните учебни години, претпоставуваме дека бројот на ученици по категорија денес е непроменет во однос на 2015 година, кога е направена рекатегоризацијата.

Врз основа на овие претпоставки, преминуваме кон идентификација на трошоците и придобивките од предложената образовна политика.

## Пресметка на трошоци

При процесот на определување на трошоците кои произлегуваат од јавната политика, појдовме од следните начела:

1. Трансферот на деца Роми од специјалните во редовните основни училишта би можел да создаде трошоци поврзани со наставниот и административниот кадар на училиштата во кои би биле префрлени учениците Роми кои моментално посетуваат настава во специјални училишта. Овој трошок би бил во форма на дополнителен расход за плати и надоместоци за редовното училиште доколку се формираат нови паралелки.

2. Притоа, големината на одделенијата во кои би биле префрлени учениците Роми треба да биде во некоја разумна граница, со цел наставникот да може да посвети доволно време за работа со секој од новодојдените ученици. Под разумна големина, во оваа смисла, подразбираме просечна големина на паралелка во редовното основно образование во земјата.

3. Исто така, потребни се асистенти кои ќе работат дополнително со децата со цел побрзо се интегрираат во наставниот процес. Алтернативна форма на асистентите би биле тутори или евентуално координатори кои би работеле со семејствата на учениците кои се префрлаат во редовните училишта. Процесот на интеграција во редовното образование би бил олеснет доколку дополнително се ангажираат и педагози кои ќе работат со овие ученици.

4. Наставничкиот кадар во редовните училишта потребно е да има пристап до дополнителни образовни ресурси за поддршка на работата со овие ученици. Исто така, овој тип на трошок би вклучувал и дополнителни средства кои би биле издвоени со цел да се обезбедат континуирани тренинзи и обуки на наставниот кадар.

5. Посетата на редовните основни училишта создава дополнителен трошок за превоз од местото на живеење до училиштето.

## Калкулација на трошоците за обука на наставен кадар

Моделот претпоставува дека со цел да се обучат наставниците од редовното образование кои ќе работат со децата кои би биле трансферирани од редовните училишта, потребно е да поминат 30 дневен тренинг. Тренингот би вклучувал обука за методи за работа, подобрување на училишното окружување и развој на непристрасен модел на образование (Levin, 2002). Пресметката на трошоците за тренинг се темели на потребни ресурси за ангажирање на човечки ресурси, патување, сместување надомест за наставници кои во меѓувреме би ја спроведувале наставата, и останати поврзани трошоци. Под претпоставка дека тренинзите би се одржувале во Скопје, беше побарана проценка од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права за висината на овој трошок. Така, проценетиот износ на трошок за обука на наставен кадар кој ќе посетува обука во Скопје и живее во Скопје изнесува 30.000 денари по лице за 22 дневен работен ангажман, додека истиот трошок за наставниците кои не живеат во Скопје, а би ја посетувале обуката изнесува 80.000 денари по лице. Доколку обуката ја држи странски експерт, просечниот трошок за негов ангажман во посочениот период изнесува 600.000 денари (вклучувајќи авионски превоз и сместување). Овие износи се однесува на првата, иницијална година, во која би се случил трансферот.

Во понатамошните години претпоставуваме дека ќе бидат доволни десетина дена за континуирана едукација на наставниците. Последователно, трошоците поврзани со обука на вработените би изнесувале третина од годишниот износ на оваа категорија на трошок.

Доколку претпоставиме дека животниот век на проектот изнесува 10 години (Levine, 2002), годишниот амортизиран износ на трошоци за обука на работниците изнесува: 6.000 денари за посета на обука за наставници од Скопје по наставник, 16.000 денари по наставник годишен трошок за наставници кои не се од Скопје а би посетувале обука во Скопје. Годишниот амортизиран износ за странски експерт изнесува 120.000 денари.

## Големина на паралелките во редовните училишта

Втората претпоставка која влијае на големината на трошоците поврзани со оваа образовна реформа се однесува на големината на одделенијата. Имено, овде претпоставуваме дека одделенијата во кои би се префрлиле децата Роми се со просечна големина, со цел да се обезбеди непречено одвивање на наставата во услови на даден квалитет. Притоа, при утврдување на просечниот број на ученици во едно одделение ги користевме податоците кои ги објавува Државниот завод за статистика.

Табела *3*. Просечна големина на паралелка во редовното основно образование

| Учебна година | Број на ученици | Број на паралелки | Просечна големина на паралелка |
|---|---|---|---|
| *2013/2014* | *191.050* | *10.877* | *17,6* |
| *2014/2015* | *192.165* | *10.887* | *17,7* |
| *2015/2016* | *185.992* | *10.709* | *17,4* |
| *2016/2017* | *192715* | *11.427* | *16,9* |

Извор: Државен завод за статистика на РМ.

Од податоците презентирани во табелата погоре можеме да забележиме дека просечната големина на паралелка во редовното основно образование во земјата изнесува околу 17 ученици. Затоа, за потребите на ова истражување претпоставуваме дека оптималната големина на одделенијата во кои би се префрлиле децата од специјалните училишта се преклопува со просечната големина на одделенијата во редовното образование и изнесува **17 ученици.**

## Плати

Платите на наставниците во јавното основно образование во Република Македонија се регулирани со Колективен договор за основното образование во РМ (Сл.Весник на РМ 24/2009, 28/2010 и 39/2010). Основната плата на наставник и стручен соработник, согласно овој акт се пресметува како производ меѓу најниската плата за најнизок степен на сложеност и коефициентот на сложеност. Најниската плата за најнизок степен на сложеност изнесува 11.643 денари (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency, 2015). Притоа, коефициентот на сложеност за оваа категорија на работни места изнесува 2,503. Вака пресметаната месечна основна плата на наставник во редовното образование изнесува 29.142 денари. Годишниот износ, пак, е во висина од 349.704 денари по наставник.

## Асистенти или семејни координатори

Дополнителна претпоставка на моделите кои се развиени во оваа студија е тоа дека ќе бидат потребни дополнителни кадри, во форма на ментори или координатори на семејствата кои ќе работат на побрза интеграција на децата кои би биле трансферирани од специјалните во редовните училишта. Притоа, оптималниот број на асистенти по училиште зависи од вкупниот број кои училиштето би ги примило, но би се движел од еден до три асистенти (Levin, 2002). Претпоставуваме дека финансискиот надомест за координаторите т.е. асистентите се пресметува исто така согласно Колективниот договор за образование, кој предвидува коефициент на сложеност 3,284 за ваквиот тип на работни места. Согласно ова, месечниот надомест за асистентите изнесува 38.236 денари, односно на годишно ниво, 458.832 денари по лице.

## Организација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурата

Членот 34-в од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017) предвидува дека училиштата можат да организираат активности кои придонесуваат за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Во став 5 од истиот член е предвидено дека висината на средствата по училиште изнесува најмногу до 30.000 денари.

## Педагози

Членот 42 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), пак, објаснува дека воспитно-образовната работа во основното училиште опфаќа настава и други облици на организирана работа со учениците. Притоа, во случај кога е нотирана потреба од продолжен престој на учениците (претпоставуваме дека тоа е случај при анализираната политика), може да се ангажира педагог за изведување на воспитно – образовната работа. Согласно Националната класификација на занимањата (Државен завод за статистика, 2015), педагозите во воспитно - образовна установа (шифра: 2351.05) се сместени во категорија „Стручњаци за образование“ (шифра: 23), поконкретно „Наставен кадар за образовни методи“ (шифра: 2351). Во отсуство на информација за просечна годишна бруто заработувачка за наставен кадар за образовни методи, претпоставуваме дека бруто заработувачката на педагозите кои работат во основните училишта е идентична со просечната бруто заработувачка на стручњаци за образование. Последната измерена годишна бруто заработувачка за оваа класа на занимања во 2014 година изнесува 510.519 денари (Анкета за структура на заработувачката, 2014).

## Превоз

Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), исто така, предвидува дека ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. Ако претпоставиме дека сите ученици кои би биле опфатени со оваа образовна реформа живеат на оддалеченост поголема од два километри, тогаш при пресметката на месечниот расход за ученички превоз ќе ја употребиме цената на месечниот биле за ученици од средно и основно образование на Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје. Месечниот билет за ученик изнесува 1050 денари. (Ценовник на јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП Скопје). Висината на овој издаток на годишно изнесува 10.500 денари (учениците следат настава десет месеци во текот на годината).

## Резултати

Откако беа идентификувани изворите и висината на трошоците поврзани со образовната реформа, преминуваме кон презентирање на резултатите од истражувањето. Најпрво, ги издвојуваме училиштата и категориите на ученици кои ги посетуваат тие училишта кои се предмет на анализа. Во продолжение е претставен табеларен извод од рекатегоризацијата на Министерството за труд и социјална политика, во кој се сублимирани податоците посетата на специјалните основни училишта од страна на деца од ромската етничка припадност по категорија, како и вкупниот број на ученици во училиштата.

Табела 4. Информација за деца од ромската етничка заедница категоризирани како лица со лесна попреченост во психичкиот развој и гранични случаи

| | Средно и Основно Специјално Училиште / ДУР-ДМОВ " Димитар Влахов" | Основно Специјално Училиште / ПОУ "Иднина" | Завод за рехабилитација на деца и младинци Скопје | Основно училиште / ПОУ Златан Сремец Скопје | Основно училиште / ПОУ Маца Овчарова Велес | Завод за рехабилитација на деца со оштететен слух/ Кочо Рацин Битола | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лесна попреченост во психичкиот развој | | 14 | 1 | 9 | 2 | 4 | 30 |
| Лесна попреченост во психичкиот развој и друга дијагноза | | 11 | | 5 | 2 | | 18 |
| Граничен случај | | 1 | | | 1 | 2 | 4 |
| Граничен случај и други дијагнози | | | | | 1 | | 1 |

Извор: Министерство за труд и социјална политика на РМ.

Можеме да забележиме дека, согласно рекатегоризацијата од 2015 година, во сите основни специјални училишта, со исклучок на ДУРДМОВ " Димитар Влахов", наставата ја посетуваат деца Роми кои се со лесна попреченост или гранични случаи. Затоа, во понатамошната анализа ќе се фокусираме на ПОУ "Иднина", Заводот за рехабилитација на деца и младинци Скопје, ПОУ Златан Сремец – Скопје, ПОУ Маца Овчарова – Велес и Заводот за рехабилитација на деца со оштететен слух „Кочо Рацин" – Битола, додека ДУРДМОВ " Димитар Влахов" ќе биде исклучено од анализата.

Во наредната табела се претставено основните индикатори за финансиското работење на горенаведените специјални основи училишта:

Табела 5 . Показатели за финансиско работење на специјалните основни училишта

| Училиште | Број на ученици во наставната 2014/15 година | Вкупни приходи 2014 (ден.) | Вкупни приходи 2015 (ден.) | Вкупни расходи 2014 (ден.) | Вкупни расходи 2015 (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| ПОУ "Иднина" - Скопје | 107 | 24.344.090 | 25.656.212 | 24.344.090 | 25.656.212 |
| Заводот за рехабилитација на деца и младинци Скопје | 75 | 16.387.713 | 17.369.089 | 16.387.713 | 17.369.089 |
| ПОУ Златан Сремец – Скопје | 107 | 21.397.617 | 21.913.828 | 21.397.617 | 21.913.828 |
| ПОУ Маца Овчарова – Велес | 51 | 17.525.812 | 17.689.878 | 17.525.812 | 17.689.878 |
| Заводот за рехабилитација на деца со оштететен слух „Кочо Рацин" – Битола | 71 | 34.201.254 | 32.642.431 | 34.201.254 | 32.642.431 |
| ВКУПНО | 411 | 113.856.486 | 115.271.438 | 113.856.486 | 115.271.438 |

Извор: Министерство за образование и наука на РМ.

Врз овие појдовни основи, преминуваме кон евалуација на трите претпоставени сценарија. Притоа, од исклучителна важност е да се напомене, дека, во отсуство на подетални податоци публикувани на годишно ниво, поаѓаме од следните претпоставки:

- податоците кои ги користевме се однесуваат на 2015 година, со оглед на тоа што, согласно официјалните информации добиени од Министерството за труд и социјална политика, 2015 година е последната година кога е направена рекатегоризација.

- пресметката се однесува на вкупни заштеди и дополнителни трошоци кои ги создава образовната политика на годишно ниво (календарска година).

- вкупниот буџет на специјалните училишта се менува правопропорционално и во идентичен обем како промената на бројот на ученици кои ги посетуваат овие училишта.

- исцрпени се сите директни и индиректи трошоци кои се поврзани со оваа образовна политика.

Во наредната табела се претставени трите сценарија на политиката. Првото сценарио е *status quo* сценарио, односно сценарио кое означува дека нема промена во политиката. Во втората колона се дадени ефектите доколку се трансферираат само граничните случаи (и други дијагнози) евидентирани во рекатегоризацијата од 2015 година. Во третата колона се претставени ефектите од политиката која означува трансфер на граничните случаи и децата категоризирани како лица со лесна попреченост (вклучувајќи и дополнителни дијагнози).

Табела 6. Евалуација на три сценарија на образовната политика

| Модел | Децата Роми продолжуваат да учат во специјални училишта | Гранични случаи (и други дијагнози) се префрлаат во редовни училишта | Гранични случаи и лесна попреченост се префрлаат во редовни училишта |
|---|---|---|---|
| Објаснување | Нема никаква промена во однос на образовната политика (status quo). | Согласно рекатегоризацијата, вкупно 5 деца од 3 училишта (Скопје, Велес, и Битола) би биле префрлени во редовно образование.<br><br>2,2% од вкупниот број на ученици на трите училишта. | Согласно рекатегоризацијата, вкупно 53 деца од 3 училишта (три училишта од Скопје – 41 ученик, едно од Велес - 6 ученици и Битола – 6 ученици) би биле префрлени во редовно образование.<br><br>12,9% од вкупниот број на ученици на трите училишта. |
| Дополнителни трошоци од политиката<br><br>Објаснување | Нема. | Трансферот создава дополнителен трошок за следните намени:<br><br>- трошоци за обука на наставен кадар за тројца наставници, еден од секој од градовите = 38.000 ден.<br><br>Доколку биде ангажиран странски експерт, трошокот изнесува дополнителни 120.000 ден.<br><br>- 3 асистенти / семејни координатори: 1.376.496 ден.<br><br>-Организација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурата за 3 училишта: 90,000 ден.<br><br>- нема да се ангажираат дополнителни дефектолози, со оглед на малиот број на трансферирани ученици<br><br>- 5 годишни автобуски билети за учениците: 52.500 ден. | Трансферот создава дополнителен трошок за следните намени:<br><br>- трошоци за обука на наставен кадар, 10 наставници од Скопје, по 2 од Велес и Битола = 124.000 ден.<br><br>Доколку биде ангажиран странски експерт, трошокот изнесува дополнителни 120.000 ден.<br><br>- вработување на 3 наставници поради тоа што во Скопје би се формирале 3 нови паралелки: = 1.049.112 ден.<br><br>- 5 асистенти / семејни координатори: 2.294.160 ден.-Организација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурата – 5 училишта 150.000 ден.<br><br>- нови вработувања на 3 педагози 1.531.557 ден.<br><br>-53 годишни автобуски билети: 556.500 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупен годишен дополнителен трошок поврзан со политиката. | Нема. | 1.676.996 ден. (Доколку биде ангажиран странски експерт).<br><br>1.556.996 ден. (доколку не биде ангажиран странски експерт) | 5.825.329 ден.<br><br>(Доколку биде ангажиран странски експерт).<br><br>5.705.329 ден. (доколку не биде ангажиран странски експерт) |
| Годишен буџет на специјалните училишта | Буџетот (вкупните расходи) на специјалните училишта останува непроменет | Вкупен буџет 75.988.521 ден. | Вкупен буџет<br><br>115.271.438 ден. |
| Заштеди во годишниот буџет на специјалните училишта како последица од трансферот | 0 ден. | Буџетот (вкупните расходи) на трите специјални училишта ќе се намали за 2,2%.<br><br>Вкупни заштеди<br><br>1.671.747 ден. | Буџетот (вкупните расходи) на петте специјални училишта ќе се намали за 12,9 %.<br><br>Вкупни заштеди 14.870.016 ден. |
| Ефект од политиката | Нема ефект | Намалувањето на буџетот на специјалните училишта (заштедите) се повисоки од дополнителниот трошок на образовната политика во случај кога не се ангажира странски експерт за обука на домашни наставници во висина од 7%.<br><br>Доколку се ангажира странски експерт за обука, трошоците ги надминуваат заштедите во износ од 3%. | Намалувањето на буџетот на специјалните училишта (заштедите) се повисоки од дополнителниот трошок на образовната политика во случај кога не се ангажира странски експерт за обука на домашни наставници во висина од 62%.<br><br>Доколку се ангажира странски експерт за обука, заштедите ги надминуваат трошоците во износ од 61 %. |

# Заклучок

Врз основа на спроведената анализа може да заклучиме дека постојат доволно докази кои одат во прилог на тезата дека образовната реформа која вклучува трансфер на децата од Ромска етничка припадност кои согласно Рекатегоризацијата за наставната 2014/2015 година претставуваат гранични случаи (вклучувајќи гранични случаи и друга дијагноза) и лица со лесна попреченост (и други дијагнози) е економски „исплатлива". Ова значи дека, доколку се трансферираат децата од специјалните во редовните училишта, заштедите во јавните расходи за финансирање на работењето на специјалните училишта ќе бидат поголеми од дополнителниот трошок кој ќе го создаде овој трансфер. Овој заклучок секако, важи единствено во услови на модел на образовна политика користен во овој труд. Доколку се напуштат претпоставките на моделот, можно е да се добијат и различни нето ефекти од политиката, кои би имплицирале и различни заклучоци.

Во случајот на трансфер само на деца Роми кои се категоризирани како гранични случаи и гранични случаи и други дијагнози, анализата покажа дека не постојат доволно издржани економски докази кои го поддржуваат ова сценарио.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Angrist, J. and V. Lavy. (2002) New Evidence on Classroom Computers and Pupil Learning. Economic Journal 112(482): 735–786.

Cahn, C., Chirico, D., & Mcdonald, C. (2017). Roma and the right to education - Roma in the educational systems of central and eastern Europe ERRC blog.

Devarajan, S., L. Squire and S. Suthiwart-Narueput. (1997). Beyond Rate of Return: Reorienting Project Appraisal. World Bank Research Observer 12(1): 35-46.

Education, Audiovisual and Culture Executive Agency (2015). Teachers' and School Heads' Salaries and Allowances in Europe 2014/15. Достапно на: http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/facts_and_figures/188EN.pdf [пристапено на: 15 ноември 2017 година].

European Roma Rights Centre (2015). D.H. and Others v the Czech Republic. Достапно на: http://www.errc.org/article/dh-and-others-v-the-czech-republic/3559 [пристапено на: 18 ноември 2017 година].

Farkas L. (2014). Report on discrimination of Roma children in education. European Commission - Directorate-General for Justice.

Jimenez, E., & Patrinos, H. A. (2008). Can Cost-Benefit Analysis Guide Education Policy in Developing Countries?, (March). World Bank Policy REsearch Working Paper 4568. https://doi.org/10.1596/1813-9450-4568

Levin, B. (2002). Costs and Effects of the Step By Step Roma Special Schools Initiative. European Roma Rights Centre. Достапно на: http://www.errc.org/article/costs-and-effects-of-the-step-by-step-roma-special-schools-initiative/1649, [пристапено на: 10 ноември 2017 година].

Mincer, J. (1974) Schooling, Experience and Earnings. New York: Columbia University Press.

Oecd. (2011). Equity and Quality in Education - Supporting Disadvantaged Students and Schools. Methodology. https://doi.org/http://dx.doi.org/10.1787/9789264130852-en

Perkins, D.R., S. Radelet and D.L. Lindauer.(2006) Economics of Development (6th edition). New York: WW Norton.

Psacharopoulos, G. and H.A. Patrinos. (2004). Returns to investment in education: a further update. Education Economics 12(2): 111-134.

Starkova J., Simonova J. & Polechova P. (2011). Overcoming School Failure Background Report for the Czech Republic. Достапно на: http://www.oecd.org/education/school/48631810.pdf [пристапено на 18 октомври 2017]

Wolfe, B. and S. Zuvekas. (1997). Non-Market Effects of Education. International Journal of ***Education Re-*** *search* 27(6): 491-502.

Woodhall, M. (2004). *Cost-benefit analysis in educational planning* (4th ed.). Paris: UNESCO. Достапно на: from http://unesdoc.unesco.org/images/0013/001390/139042e.pdf [пристапено на 22 септември 2017]

Државен завод за статистика (2015). Национална класификација на занимањата.

Државен завод за статистика на РМ (2014). Анкета за структура на заработувачката. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.16.03.pdf [пристапено на: 18 ноември 2017].

*Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017)*

Институт за човекови права (2013). Дискриминација на Ромите во образовниот процес: кршење на ѕидот на одбивање и сегрегација. Скопје: Институт за човекови права.

Јавно сообраќајно претпријатие – ЈСП Скопје (2017). Ценовник на јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП Скопје. Достапно на: http://www.jsp.com.mk/Bileti.aspx [притапено на 28 октомври 2018 година].

Колективен договор за основното образование во РМ (Сл.Весник на РМ 24/2009, 28/2010 и 39/2010).

Правилник за оценка на специфичните потреби на лицата со пречки во психички или физички развој (Сл.Весник на РМ 30/2000)

Народен правобранител на РМ (2010). Информација за посетата на посебните основни училишта „Златан Сремац“ *и „Иднина“ од Скопје, „Св. Климент Охридски“ од Ново Село и Државното средно училиште „Св. Наум Охридски“ од Скопје и „Искра“ од Штип*. Достапно на: http://ombudsman.mk/MK/posebni_izveshtai.aspx, [пристапено на: 15 ноември 2017 година].